ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА

за набавка на услуга за превоз на вработени  за потребите на рудникот Бучим и рудникот Боров Дол, Радовиш

## 1. Опис на услугата

Автобуски превоз на вработени во ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш и ДПТУ Боров Дол ДООЕЛ Радовиш од г. Радовиш до Рудник Бучим и Рудник Боров Дол.

## 2. Период на обезбедување на услугата

Превозникот се обврзува да обезбеди превоз за период од 4 (четири) месеци, односно од **01.09.2024** година до **31.12.2024** година.

## 3. Обем на обезбедување на услугата

Превозникот се обврзува да обезбеди 7 (седум) дена во неделата превоз на вработени  согласно распоредот даден во точка 3.1. и 3.2. на овој Повик за доставување на понуда.

### 3.1. Места и временски интервали на поаѓање и враќање на работници во неработни денови (САБОТА, НЕДЕЛА И ДРЖАВНИ ИЛИ ВЕРСКИ ПРАЗНИЦИ) – 3 смени

3.1.1. Релација за поаѓање на **автобус број 1** дневна смена – **Радовиш - Бучим – Радовиш**

| Време на поаѓање и враќање | | | Локација на поаѓање сменски од Општина Радовиш – Бучим |
|---|---|---|---|
| Прва смена | Втора смена | Трета смена | |
| 05:15часот | 13:15часот | 21:15часот | Прва станица - Основно училиште Никола Карев (горно школо) |
| 05:17 часот | 13:17 часот | 21:17 часот | Втора станица – Кеј 8-ми Септември ( Гошо Пандето) |
| 05:20 часот | 13:20 часот | 21:20 часот | Трета станица – Куклевица ( Бучимски бараки) |
| 05:22 часот | 13:22 часот | 21:22 часот | Четврта станица – Тера маркет (кружен тек на почетокот на булеварот) |
| 05:25 часот | 13:25 часот | 21:25 часот | Пета станица – Кит – Го маркет (на самиот булевар) |
| 05:30 часот | 13:30 часот | 21:30 часот | Шеста станица -  автобуска постројка кај (поранешен Монопол за тутун) |
| 05:45 часот | 13:45 часот | 21:45 часот | Пристигнување на работниците во рудникот Бучим/Боров Дол |
| **06:15 часот** | **14:15 часот** | **22:15 часот** | **Враќање на работници од трета, прва и втора смена по редослед од шестата станица на назад** |

3.1.2. Релација за поаѓање на **автобус број 2** дневна смена – **Радовиш – Боров Дол – Радовиш**

| Време на поаѓање и враќање | | | Локација на поаѓање сменски од Општина Радовиш – Боров Дол |
|---|---|---|---|
| Прва смена | Втора смена | Трета смена | |
| 05:15часот | 13:15часот | 21:15часот | Прва станица - Основно училиште Никола Карев (горно школо) |
| 05:17 часот | 13:17 часот | 21:17 часот | Втора станица – Кеј 8-ми Септември ( Гошо Пандето) |
| 05:20 часот | 13:20 часот | 21:20 часот | Трета станица – Куклевица ( Бучимски бараки) |
| 05:22 часот | 13:22 часот | 21:22 часот | Четврта станица – Тера маркет (кружен тек на почетокот на булеварот) |
| 05:25 часот | 13:25 часот | 21:25 часот | Пета станица – Кит – Го маркет (на самиот булевар) |
| 05:30 часот | 13:30 часот | 21:30 часот | Шеста станица - автобуска постројка кај (поранешен Монопол за тутун) |
| 05:45 часот | 13:45 часот | 21:45 часот | Пристигнување на работниците во рудникот Бучим/Боров Дол |
| **06:15 часот** | **14:15 часот** | **22:15 часот** | **Враќање на работници од трета, прва и втора смена по редослед од шестата станица на назад** |

## 3.2. Места и временски интервали на поаѓање и враќање на работници во редовни работни денови (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) – 4 смени:

Покрај превозот наведен во точка 3.1. потребен е и дополнителен превоз согласно следниот распоред:

3.2.1. Релација за поаѓање на **автобус број 1** дневна смена – **Радовиш - Бучим – Радовиш**
***(согласно потребите на Работодавачот ќе биде ангажиран 1 или 2 автобуси)**

| Време на поаѓање | Локација на поаѓање сменски од Општина Радовиш – Боров Дол |
|---|---|
| 07:15 часот | Прва станица - Основно училиште Никола Карев (горно школо) |
| 07:17 часот | Втора станица – Кеј 8-ми Септември ( Гошо Пандето) |
| 07:20 часот | Трета станица – Куклевица ( Бучимски бараки) |
| 07:22 часот | Четврта станица – Тера маркет (кружен тек на почетокот на булеварот) |
| 07:25 часот | Пета станица – Кит – Го маркет (на самиот булевар) |
| 07:30 часот | Шеста станица - автобуска постројка кај (поранешен Монопол за тутун) |
| 07:45 часот | Пристигнување на работниците во рудникот Бучим/Боров Дол |
| **16:15 часот** | **Враќање на работници по редослед од шестата станица на назад** |

3.2.2. Релација за поаѓање на **автобус број 2** дневна смена - **Радовиш – Боров Дол - Радовиш**

| Време на поаѓање | Локација на поаѓање сменски од Општина Радовиш – Бучим |
|---|---|
| 07:15 часот | Прва станица - Основно училиште Никола Карев (горно школо) |
| 07:17 часот | Втора станица – Кеј 8-ми Септември ( Гошо Пандето) |
| 07:20 часот | Трета станица – Куклевица ( Бучимски бараки) |
| 07:22 часот | Четврта станица – Тера маркет (кружен тек на почетокот на булеварот) |
| 07:25 часот | Пета станица – Кит – Го маркет (на самиот булевар) |
| 07:30 часот | Шеста станица - автобуска постројка кај (поранешен Монопол за тутун) |
| 07:45 часот | Пристигнување на работниците во рудникот Бучим/Боров Дол |
| **16:15 часот** | **Враќање на работници по редослед од шестата станица на назад** |

# 4. Постапка за избор

Постапката за избор на најповолен добавувач се спроведува во две етапи:

- Квалификација на подобност на добавувачот;
- Избор на најповолна финансиска понуда

**Сите документи се** доставуваат само по електронски пат на електронска адреса tender@borovdol.mk . Документација, пратена на друга електронска адреса или доставена во хартиена форма нема да се разгледува и ќе се смета за неуредно доставена документација, што води кон дисквалификација на понудувачот.

### 4.1. Квалификација на подобност на добавувач

Секое заинтересирано лице кое сака да учествува во изборот на најповолен добавувач треба да ги исполнува следните услови:

- Да биде регистрирано во централниот регистар на трговски друштва;
- Да немаат забрана за вршење на дејност;
- Потврда за осигурување (осигурување од одговорност на работодавачот);
- Лиценца за вршење на превоз на патници;
- Копии од Извод од лиценца за превоз на патници за секое превозно средство;
- Список на возила што се користат со старост и капацитет;
- Сообраќајна дозвола на име на Друштвото кое доставува понуда (доколку Сообраќајната дозвола е на друго правно лице, потребен е документ со кој се потврдува правото на користење на превозните средства) на најмалку 3 автобуси со минимален капацитет од 50 седишта;
- Доказ за технички преглед;
- Возилата не треба да бидат стари повеќе од 15 години на датумот на започнување на обезбедување на услугата.
- Возилата треба да бидат подготвени за работа и да бидат беспрекорни по изглед и совршени техничка состојба.
- Каросеријата на возилото треба да биде во добра целокупна состојба. Оштетување на каросеријата на автомобилот, 'рѓа или друго не се прифаќаат видливи оштетувања
- Возилата мора да ги почитуваат задолжителните безбедносни прописи на Клиентот кои вклучуваат цврст патнички простор, сигурносни појаси според закон за безбедност и сообраќај на патиштата.
- Во автобусите мора да има средства за спречување и гасење пожар, како и чекан за кршење прозорци во случај на потреба;
- Патничките прегради треба да бидат добро чувани, така, оштетен или извалкан тапацир и внатре облогата не е прифатлива.
- Било какви импровизации во автобуси (на пр. врати фиксирани со ремени итн.) или транспорт на контејнери со лубриканти или горива, резервни делови итн. е забрането во просторот за патници.
- Да поседува најмалку 1 (едно) резервно возило.
- Автобусите да поседуваат минимум ЕУРО 5 еколошки стандарди.
- Изјава дека не се капитално управувачки и роднински поврзани со некои од раководните органи или со вработени во правните лица ДПТУ Боров Дол ДООЕЛ Радовиш и ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш;
- Превозните средства да бидат во исправна состојба, со поминат технички преглед и важечка сообраќајна дозвола;
- Превозните средства да поседуваат квалитетен систем за греење и ладење;

Друштвата кои ги исполнуваат горенаведените критериуми поднесуваат финансиска понуда.

### 4.2. Финансиска понуда

Финансиската понуда содржи:

- Цена за превоз на вработени Радовиш – Рудник Бучим – Радовиш - 3 смени (т. 3.1.1.);
- Цена на превоз на вработени Радовиш – Рудник Боров дол – Радовиш- 3 смени (т.3.1.2.);
- Цена за превоз на вработени Радовиш – Рудник Бучим – Радовиш – дневна смена (т.3.2.1.);
- Цена на превоз на вработени Радовиш – Рудник Боров дол – Радовиш – дневна смена (т.3.2.2.);
- Начини на плаќање.

## 5. Потребни документи и рокови за доставување

Документи кои се доставуваат во постапка на квалификација на подобност на добавувачот:

- Тековна состојба не постара од 3 месеци издадена од страна на ЦРМ на РСМ;
- Тековна состојба за вистински сопственици издадена од ЦРМ на РСМ;
- Потврда од ЦРМ дека не е изречена забрана за вршење дејност;
- Список на лица кои ќе бидат ангажирани, со потврда за нивно вработување, поминат медицински преглед и обука за БЗР;
- Да не се капитално управувачки и роднински поврзани со некои од раководните органи или со вработени во правните лица ДПТУ Боров Дол ДООЕЛ Радовиш и ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш;
- Документи наведени во т.4.1.

**Рок на доставување на документација: 19.08.2024 година**

Документите кои се доставуваат во постапка на избор на финансиска понуда:

- Финансиска понуда на меморандум на понудувачот, потпишана од страна на овластено лице на добавувачот.

**Рок на доставување финансиска понуда: 19.08.2024 година**

## 6. Начин на доставување на документи

Сите документи се доставуваат во електронска форма.

Документите издадени до ЦРМ треба да се електронски потпишани од страна на издавачот.

е-адреса за доставување на понуда и документација: tender@borovdol.mk
Предмет(Subject) на пораката: TEN-007

По завршување на изборот за најповолен понудувач сите понудувачи кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите ќе бидат известени за одлуката за прифаќање/одбивање на доставената понуда. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици.

**08.08.2024г.,**
**Радовиш**

ДПТУ "Бучим" ДООЕЛ
ДПТУ "Боров Дол" ДООЕЛ